СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Десеттото продолжение на Седумдесет и четврта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 јули 1994 година

Скопје, јули 1994 година

**ДИСКУТАНТИ ОД X-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 74-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 28 ЈУЛИ 1994 г.**

1. АБДИ ФАИК – 49, 52
2. АРСОВСКИ БРАНКО - 54
3. БОЖОВ ЈОРДАН - 1, 10, 11, 14, 18, 24, 36, 40, 50, 69, 92
4. ГОШЕВ ТУШЕ 10, 13,17, 19, 20, 23, 28, 30, 32, 33, 35, 37, 38, 39, 41, 42, 50, 55, 57, 58, 60, 61, 63, 65, 75,76,78,81,$2,85,86,87, 89,91
5. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 51, 55, 77
6. ЗИБЕРИ НАСЕР - 49
7. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 90
8. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 24
9. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 64, 68
10. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 75
11. МАНЕВ ЕФТИМ - 87
12. ПЕТРОВ ТОДОР – 3, 19, 22, 27, 28, 33, 35, 37, 39, 55, 56, 59, 66, 67, 70, 78, 83, 85, 88
13. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 31,46
14. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 15, 21, 25, 26, 29, 61, 63, 88, 91
15. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 43, 48, 49, 50, 55
16. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 16
17. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 6
18. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 48

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Десеттото продолжение на Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија,одржана на 28 јули 1994 година

Седницата започна со работа во 15,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Минуваме на третата точка од **74-та седница**. Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траеше од 10 минути, а координаторите на пратеничките групи во траеше до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (43 пратеници)

Дали е некој против?(13 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Се присутни 64 пратеници, а некои не гласале.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на **третата точка** - Предлог на закон за политичките партии.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, би сакал да го изнесам своето убедуваше дека одлука во која не учествуваат барем 61 пратеник, не е донесена, независно колкав број биле.

I/2 РД/НД

Јас ќе гледам да се придржувам на зацртаните десет минути, евентуално и некоја да поклонам. Законот за политичките партии е насушна потреба во плурално демократско општество. Нашата комотност во текот на целиот мандат да немаме ваков закон зборува за свеста која е присутна тука. Тоа што досега немавме можност да разговараме за предлог на закон се должи на неколку цели кои беа зацртани и веројатно во некој степен остварени, но на штета на пробивот на демократијата и на демократските содржини во нашето општество. Ова што конечно сепак се гледа на масите тука кај нас и што заслужува внимание на крајот евентуално и да биде поддржано е од простата причина што некаква регулатива е подобра отколку никаква. Но срамно е еден закон од 40-тина членови во себе да има една третина кои се занимаваат со постапката и со условите кога би било забранета некаква политичка партија. Тоа не може да биде делокруг или содржина за законот во толкав обем. Ако дадеме споредба со регулативата во други држави, јасно се гледа дека политичка партија може да биде забранета и условите за нејзино забранување се препишуваат било во уставот, било во законот но никако во една третина од членовите. Политичките партии се базна алка во општественото ткиво. Тие можеби се најглавниот посредник меѓу населението и политичкото раководство. Во политичките партии созреваат различни концепти се елеборитаат различни приоди како да биде водена земјата. Политичките партии нужно се потхранувани во општеството од самото општество и не се противи на граѓаните и на граѓанките. Тие го заслужуваат сиот респект.

Политичките партии исто така имаат можности да формираат неколку видови на дополнителни дејности, како на пример може да имаат или да поддржуваат, да основаат свои институции за испитување на социолошки политиколошки, општествени теми, воопшто економски итн.

Тоа оди во крајна истанца за добробит на општеството. Но за тоа се потребни исто така регулативи, поточно во Законот за политички партии, такво нешто треба да биде спомнато како нужност. Инаку ќе нема основа никаква извршна власт, а евентуално и регулативата во буџетските застрели да доделисредства за потреби од научен аспект на политичките партии. Ние на крајот за жал, ако не направиме зафати преку амандман не ќе го воведеме.

Исто така, многу важна функција на политичките партии е да градат, или да изградуваат стручен кадар, политички оспособен кој ќе може да презентира идеи, да презентира концепти, воедно да ги)> штити нив, а и мнозинската волја на населението да ја застапува. Нужни ни се за тоа по мое видување многу поинаква поставеност за политичките партии отколку ова што го имаме сега во предлогот од Владата. И јас би завршил, бидејќи темата може да се шири во недоглед но би завршил со тоа дека за мене е несериозно тоа што за ваква важна тема како што е Законот за политички партии, Владата е присутна во мал број.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Самиот податок што четири години од свикувањето на овој пратенички состав на Парламентот не најде за сходно да донесе закон за политички партии, доволно зборува за степенот на демократијата во државата и за почитувањето на политичките права и слободи на граѓаните во Република Македонија.

Впрочем за мене е несфатливо односот и до ден денеска зошто Владата го сврзуваше донесувањето на овој закон во пакет заедно со Законот за избор на пратеници, иако немаше никакво ограничување во право по предлогот на овој закон да го поднесе можеби на некоја седница во текот на овој четиригодишен мандат на пратениците во

Собранието на Република Македонија. Понатаму исто така, зачудува и податокот што спротивно на членот 10 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија не е почитуван рокот законот за политичките партии да се донесе најдоцна три месеци пред одржувањето на парламентарните избори. Ако парламентарните избори треба да се одржат во последните три месеци од истекот на мандатот во овој пратенички состав, а тоа е 8 октомври оваа година, тогаш се поставува прашањето за целисходноста од донесувањето на овој закон во време кога се прекршува одредбата од членот 10 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија во време пократко од три месеци пред отпочнувањето на одржувањето на изборите на Собранието на Република Македонија, ако евентуално собранието не се распушти во овој период.

Понатаму, сакам да укажам и на една дилема, за која и претставникот на Владата треба да поразмисли и евентуално во текот на претресот да понуди амандман за надминување на некои проблеми кои можат да настанат од примената на одредбите од Законот,ако се донесе во форма каква што е предложена.

Во членот 34 од овој закон за политичките партии се вели: "Постојните политички партии должни се своите програми и статути да ги усогласат со одредбите на овој закон во рокот од три месеци од денот на неговото влегување во сила". (завршен цитат). На седницата на ЗПК која се одржа на 4 април оваа година, предложен е еден амандман кој можеби може да стане составен дел доколку претставникот го прифати или пратениците го изгласат кој гласи: "Доколку постојните политички партии не ги усогласат своите програми и статути во рокот од став 1 на овој член, што пред малку го цитирав, надлежниот суд ќе ги брише од судскиот регистар. Можеме да дојдеме до една катастрофална негативна

состојба. Имено, според сегашните услови за регистрација на политички партии, да може да учествуваат во постапката за кандидирање и утврдување кандидати, регистрирани политички партии, кои ги задоволуваат постојните услови во постојниот позитивен законски пропис а во времето кога законот би влегол во сила, во периодот од три месеци од денот на неговото влегување во сила, да мора тие партии да бидат забранети доколку не се усогласат со новите услови утврдени со овој предлог на закон. Тоа значи можеме да дојдеме во ситуација политичка партија да добие пратеник во Парламентот, а веднаш после во периодот на пререгистрацијата на сите политички партии да и се каже на политичката партија дека ќе биде бришана од судскиот регистар заради тоа што не ги задоволува условите кои во меѓувреме се промени за регистрација и дејствување политичко на политичките партии. Не може ова Собрание или надлежен суд да го забрани имунитетот и идентитетот на било кој пратеник, ако е под едни услови избран од една политичка партија избран, а во тек на неговиот мандат постапката за усогласување со новите одредби со овој предлог на закон да му оневозможува постоење на политичката партија од чие име бил предложен и избран во Собранието на Република Македонија. Затоа сметам дека во преодните и во завршните одредби, посебно треба барем во текот на постапката Владата да утврди, ако се мисли да се донесе Законот некоја модификација тие одредби за политички партии кој ќе добијат легитимитет со сопствени пратеници во наредното свикување во Парламентот да не можат за тие политички партии да се однесуваат одредбите од Законот кој би требало да се однесуваат за прашањето за пререгистрација.

I/6

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, немам намера да расправам за содржината на текстот на законот за политичките партии, впрочем имаме сите можност и за самата содржина и за големиот број амандмани да се изјасниме по самите амандмани по нивно прифаќање или одбивање. Меѓутоа во тој дел би сакал да укажам само на една работа. Мислам дека на сите ни е јасно дека скоро четири години живее повеќе- партискиот систем во Република Македонија и дека е недозволиво и понатаму во државата да немаме закон за политички партии, а сите политички партии преку 60-тина на број се уште да бидат регистрирани по старите закони за општествено- п олитички организации и здруженија. Према тоа, мислам дека потребата едногалсно ја искажавме уште на седницата на 6 октомври 1993 годинакога го разгледувавме предлогот за донесување на овој закон и затоа апелирам денеска да вложиме напори да се донесе овој закон и да вложиме напори некој од амандманите кој што третираат многу чувствителна проблематика и кој што одат на радикални промени не во концептот, во некои поедини сегменти од Законот едноставно да се обидеме да ги амортизираме и да се обидеме да ги надминеме сите недоразбирања и последици што со евентуалното прифаќање на вакви амандмани би можеле да се предизвикаат. Мислам дека има насушна потреба од донесување на законот и заради регулирањето на бројот на граѓаните кои што можат да формираат политички партии и за регулирањето на прашањето на пререгистрација, а не помалку важно е и тоа што со законот се регулира и можноста за финансирање на политичките партии и во Парламентот и надвор од Парламентот, а исто така се регулира самиот начин на финансирањето на партиите и се дава можност за јавност во финансирањето, и што е уште поважно за постојана контрола на изворите на финансирање на партиите. Оттука, апелирам за

конструктивност и при овој општ претрес и при расправата по самите амандмани за кои што се изјаснив дека треба да направиме напори да не се случи некој радикални амандмани да влезат во текстот и да предизвикаат несогледливи последици.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски, поднесоа амандмани на член 4 став 1 алинеја 1 и 3, на член 7 став 1 и на член 10 за додавање нов став 2. А Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 2, член 4, член 7 став 1, 2 и 3, член 22 и за додавање нов став 2 по ставот 1. Член 25 став 1, член 30 став 1 и 2, член 34 за додавање нов став 2 од ставот 1 на членот 36 став 1 и за бришење на член 39 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Насер Зибери и Исмет Рамадани поднесоа амандман на член 17 за бришење на точка 2 со кој Владата не се произнела. Комисијата за општествено политички систем поднесе амандман за бришење на член 2 по кој Владата не се произнела. Пратеникот Јордан Бошков поднесе амандмани за менување на член 1 и на член 2 по кој Владата не се произнела. Пратеникот Митко Анастасовски, поднесе амандман за додавање нов член 30-а по кој Владата не се произнела.

Пратениците Михаил Пановски, Петар Гошев, Ристо Јованов, Тодор Петров и Гулистана Марковска, Душан Трпчевски и Кирил Ковачевски, поднесоа амандман на член 28 за додавање нова точка 3 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман за менување на член 2, член 3 став 1 за додавање нова алинеја 2 и за додавање нов став 2. За додавање два нови членови 4-а и 4-6, член 5, за додавање два нови ставови 2 и 3, за додавање нов член 5-а, за додавање нов член 6-а, член 8, за додавање нов став 2 член 9 за додавање два нови става и член 12 став 2 алинеја 1, 3 и 4, член 16, член 28 став 2, точка 2,за бришење на член 30, за додавање нов член 30-а член 33, член 33 став 1, за додавање две нови алинеи и за додавање нов член 33-а, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Владимир Митевски, поднесе амандман за менување на член 29, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Кирил Ковачевски и Душан Трпчевски поднесоа амандман на член 36 став 2 со кој Владата не се согласила.

Пратениците Томислав Стефковски и Стоиле Стојков, поднесоа амандман на член 7 за додавање два нови става по ставот 3, по кои владата не се произнела.

Пратеникот Насер Зибери поднесе амандман на член 17 за бришење на точката 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Стоиле Стојков, поднесе амандман за додавање нов член 7-а и на член 34 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Владимир Голубовски поднесе амандман за менување на член 29 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Тодор Петров, поднесе амандман на член 29 за менување на став 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1 поднесен од пратеникот Јордан Бошков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? Господин Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Јас би дал малку попуст ако за Владата е прифатливо овој амандман да гласи, членот 1 дека не се менува, туку се додава нов член 1-а.

Исто така, попустот се однесува во делот на образложението, тука се брише првата реченица. Имено, членот 1 во предложениот закон е сувопарен и не ја одразува суштината, која треба да биде регулирана со овој закон. Би сакал и за тоа да чујам од Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, сега имаме преиначен предлог на амандманот.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Истото би важело и за мојот втор амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За него ќе зборуваш) кога тој ќе дојде на ред, затоа што одиме амандман по амандман.

Господинот министер, претставник на Владата треба да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот, затоа што во членот 1 дефакто ја утврдува содржината на самиот законски проект од кој произлегуваат понатамошните членови. Со прифаќањето на таков член, ние во суштина ќе ја растуриме архитектурата на самиот законски проект.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, членот 1 од предложениот текст утврдува дека овој закон ќе го уреди начинот, условите и постапката за тоа како да се

оснива партија, како таа да се регистрира, чисто технички дел и престанок за политичките партии. Во член 1, на пример, не станува збор за финансирањето на политичките партии, бидејќи секој жив организам, секое ткиво треба да биде алиментирано. Веројатно, по видување на Владата партиите се добри ако изумрат. Јас би сакал на претставниците во македонскиот Парламент да им го свртам вниманието на следното, зошто сметам дека во законот за политичките партии е потребно да се набележат повеќе нешта, отколку едноставно да се каже како партијата да биде заведена во регистарот и како да биде испишана, т.е. да се забрани. Политичка партија е висок дострел на демократското општество.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, пратениците да ги напуштат просториите, односно слободните места на Владата. Состаноци надвор, само овде не во салата. Секој нека седне на свое место, се знае овде зошто сме. Тука само се работи. Не ме интересира ништо.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Независно од се, јас би сакал да продолжам, велиме архитектурата ќе биде нарушена на предложениот закон. Која архитектура Таа од ќерпич и кал. Ние сме веќе во добата на информациони општества. Ваква регулатива за политичките партии, според мене, не е доволна за тие навистина да ја извршат својата важна трансмисија во општеството. А тоа е да посредуваат во политичкото договарање, во насочувањето и во создавањето на политичката волја на граѓаните и граѓанките.

Оттука, се наложува потребата политичките партии изрично да се наведат повеќе елементи која е нивната задача или налог согласно со Уставот, зашто политичка партија не се формира, веројатно  да се води

бизнис, да се води трговија или истражувања во егзактните науки, туку политичката партија своето делување нужно го лоцира во работата со населението.

Исто така, ако остане вака бледо набележано како, што е задачата на политичката партија, т.е. да не биде набележано воопшто, ние лесно би потпаднале под различни пресии, луѓето, т.е. граѓаните да се демотивирани од политички ангажман. Тоа што поединецот има доверба во институциите на системот, во најголема мера, барем според соодветни истражувања во развиените демократии се должи и на политичките партии. Тие не уживаат доверба, т.е. веќе кај нив настанува различен вид на корупција или евентуално пак и криминал, тогаш и населението во системот почнува да ја губи довербата. Секако, една важна гранка во негување на довербата кај граѓаните играат и други институции во системот, пред се, правосудството. Но, ние сега говориме за политичкиот дел каде што се ангажираат партиите. Затоа, мислам дека е сосема целисходно овој амандман да биде вака зацртан во нашиот закон и на македонската демократија нема да и фали по мое гледање ниту нешто од косата, ниту нешто од нејзиниот углед и изглед до колку се усвои вака како што е тој запишан. Впрочем, во слична форма или во приближно еднаква вакво нешто е запишано и во други држави. Само би го потсетил и господинот министер дека нашиот Устав е еден вид компилација и ние се гордеевме во 1991 година зашто имаме норми, т.е. членови или дел од членови на Уставот, кои се директно пресликани од постојни устави.

Исто така, нам ни е познато дека за тој Устав добивме високи квалификации на меѓународен план. Јас навистина не можам да сфатам дека со прифаќањето на овој амандман, а и на следниот во член 2 ќе биде нарушена архитектурата на проектот. Останува да се изјаснат пратениците. За мене е јасно дека ова е и прашање на зрелоста за

демократија и на волјата. Слична појавам имавме и за жал тоа веќе се одигра околу именувањето или кандидирањето на пратеници. Јас не би сакал во овој закон да уфрлувам темелна вредност како може некој да биде преку партија номиниран за кандидат, т.е. за носител на јавна функција. Дали е тоа на месно ниво, на локално или е тоа на државно ниво. Но, би сакал навистина кон политичките партии да почнеме да градиме еден позитивен однос, а не постојано негативно да се држиме и да допуштаме тие да бидат извикувани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, јас го почитувам тоа што господинот Јордан Бошков направил напор за да направи член, но морам да кажам дека номотохниката на овој член повеќе ми личи на расказ, отколку почеток на еден закон кој треба да развие една содржина за да ја регулира таа материја. Ако вие го прочитате членот 1 од законот кој ние го предлагаме, со кој се кажува дека овој закон се уредува начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии, а во членот 1 кој го предлага господинот Јордан Бошков од почеток политичките партии се уставно неопходен составен дел кој се обидува да ја дефинира во суштина, а што го прави тоа Уставот на Република Македонија. Понатаму, разработувајќи ги сите содржини на една политичка партија во алинеите каде е кажано дека таа формира јавно мислење, го поттикнува, го продлабочува политички, тогаш ние треба да правиме закони во еден член, каде со едниот член ќе ја дефинираме целата содржина на самиот законски проект.

Јас сакам да кажам дека ние, раководејќи се од повеќе узорци на закон за политички партии, сепак, се определивме да не одиме со хипернормираност, туку да му оставиме преку статутот, програмите на политичките партии да ги уредат своите активности, кои треба да ги направат согласно законот и Уставот кој им дозволува. Оттука, мислам дека овој амандман на господинот Јордан Бошков е номотехнички лошо напишан како расказ, кој сака да ја сублимира целата содржина на самиот законски проект од една страна, а и од втора страна сакам да кажам дека во содржината на членовите на самиот наш закон кој ние го нудиме во императив, со јасни содржини ја постигнуваме истата цел, која вие сакате да ја постигнете со еден член. Оттука, сметам дека овој амандман не треба да биде прифатен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас се обидов да изнесам дека овој текст што јас го нудам во амандманот соодветствува на постојна регулатива онаму каде што демократијата е напишана не само со големи букви, туку каде и е потврдена. Така, сега нема да прецизирам од каде е преземан. Но, да се вели дека ова е расказ, или ова е декларација, за мене, е не- соодветно кажано.

Јас би апелирал на тоа дека запишувањето на повеќе елементи, сепак, е нужност. Зашто, на основа на вака запишаните елементи во законот ќе може подоцна да се развиваат многу страни, дејности во рамки на една политичка партија. Затоа е потребно ова, партиите се кадровски ковачници. Во партиите не се водат никакви своевидни интереси. Во партиите се отсликува општеството. Затоа е потребно сето

ова што е набележано да биде и на наше тло присуство. Она што партиите можат во својата програма да зацртаат, тие можат нешто слично да развијат, тоа е точно дека тие можат, дека нема да им биде забрането, но исто така е точно дека државата од своја страна треба да направи напори со што да се занимаваат политичките партии и таа треба да ги даде каналите како тие да се однесуваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа јас го имам текстот што го нуди господинот Бошков по однос како што сега го прецизира во своето излагање да биде став 2 на член 1 и реагирањето на господинот министер по однос на техниката на пишувањето на законот. Ги разбирам и двајцата, еден сака да заштити она што го нуди, а другиот, сфаќајќи ја демократијата по друга содржина оди и сваќа дека штом се говори во ставот 1 како се формираат, уредуваат условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политички партии, нормално е дека во истиот член постои што е функција на политичката партија. Јас господинот Бошков така го сфатив и моја препорака ќе биде првиот дел каде што почнува ставот 1 да го повлече, а останатиот текст ќе има смисла да се даде предмет за што може да се оформи политичка партија. Ова го говорам од следните причини. Ако го следиме сега текстот на предложениот закон во член 3 дава предложениот закон Граѓаните слободно основаат политички партии со цел. Ако не се знае што може политичка партија да биде, како на некој ќе му се даде со цел тоа да го основа. Јас и во тоа го сфаќам господинот Бошков дека сака да

обезбеди што е предмет на политичката партија и тогаш граѓаните за остварување на такви цели ќе можат да основаат политички партии. Во таков случај овој текст ќе кореспондира еден со друг. Навистина, без предложениот амандман, јас по мое длабоко уверување, не гледам во предложениот текст што е предмет на работа на политичката партија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Благој Тошев.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувани пратеници, амандманот на господинот Бошков е истовремено, не е тоа, тој да претставува автор на овој член, туку овој член е препишан од Законот за политички партии на Германија. Ова не е никаков расказ, не е никаков предмет за дискусија, туку во прашање е дека ова некој повеќе го мозгал. Според тоа, треба да бидеме запознати, тој не сакаше од скромност да го каже. Овој член 1 е во Законот за политички партии на Германија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

21 пратеник гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 1, поднесен од пратеникот Јордан Бошков.

II/8.-

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 2, поднесен од Комисијата за општествено - политички систем.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот, затоа што членот 2 дефакто ја дефинира политичката партија во нашиот уставен и правен поредок.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

1 пратеник гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 2, поднесен од Комисијата за општествено - политички систем.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2, поднесен од пратеникот Јордан Бошков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Гошев, министер за правосудство.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот на членот 2, затоа што политичката партија не е здружение на граѓани како што го дефинира во ставот 1, туку здруженијата на граѓаните имаат друго значење во правниот поредок дека здруженијата дефакто му припаѓаат по програмите на одредени политички партии и туку посредно учествуваат

во формирањето на државната власт, а политичката партија е основната функција им е таа директно да учествува во изборите и да формира мнозинство во Парламентот. Оттука, сметаме дека членот 2 не треба да биде прифатен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, јас по однос на член 1 веќе ја добив лекцијата по недемократија и не мора и по член 2 и ќе можам да го повлечам, бидејќи расположението е очигледно такво ние да не сакаме луѓето да се активни на политички план. Туку мислиме од политичкиот ангажман да направиме баба рога.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот затоа што тоа прашање се уредува во другите членови дека политичката партија де факто со регистрирањето пред судот таа станува правно лице и е во правниот живот на државата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Членот 2 од Предлогот на законот на Владата гласи: "политичките партии според овој закон се оние организирани групи на граѓани кои се залгаат за учество во власта". Вака дефинирана политичката партија може да претставува и неорганизирана група на граѓани. Може да постои организирана група на граѓани која се залага за учество во власта на начин кој е спротивен и не е во согласност со Уставот и законот. Можеби и политичката платформа предлага или има за цел промена на одредени односи утврдени со Устав и закони. Меѓутоа, тие не може да бидат предмет на лицитација се додека одредена политичка партија не ја освои власта преку легалните инструменти во институциите на системот со соодветно мнозинство и процедура да ги промени дефинираните односи во Уставот и законите кои ги затекнала со доаѓањето на власт или партиципирајќи во власта. Во таа смисла сметам дека членот 2 треба да се промени да гласи "политичка партија во смисла на овој закон претставува легално регистрирана организирана група граѓани која во согласност со Уставот и со Законот се залага за учество во власта". Инаку, организирани групи можат да бидат и нелегални и затоа сметам дека ваквата дефиниција со амандманот соодветствува на текстот на Законот и дава подобра позиција на политичката партија во политичкиот живот на државата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Под организирани група на граѓани се разбира помината низ процедурата да може легално да настапува и во правниот промет и тоа прашање е регулирано во член 10 каде кажува политичката партија може да започне со работа со денот на уписот во судскиот регистер за политички партии и политичката партија стекнува својство на правно лице со денот на уписот. Оттука сметам дека нема потреба од промени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Ако повеќе никој не бара збор го заклучувам претресот и го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака

15 пратеници гласаа "за" амандманот

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен на член 2 од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

III/3.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овде Предлогот на комисијата е чисто за подобрување на текстот, поточно да се знае изборот "Оние"да се избрише, а по зборот "власта" да се додадат "имаат свој статут и програма и се регистрирани од надлежен орган" се дава едно прецизирање да се знае кои се тие политички партии. Ве молам еднаш сфатете дека ние долго во ЗПК размислуваме повеќе и таму кога беше претставникот рече ќе се произнесам, не се произнесувам, се согласувам, а после еве сега овде не се согласува. Што значи имаме една несигурност во работата на телата на Собранието. Комисијата оцени дека само на овој начин ако се прифати текстот ќе има целосна јаснотија и ќе може да се применува. Затоа, ве молам прифатете го ова зашто во Комисијата беше едногласно усвоено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор (Не)

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака

18 пратеници гласаа "за"

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од законодавно - правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 3, став 1 за додавање нова алинеја 2 и за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали друг бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во членот 3 се наведува дека граѓаните слободно основаат политички партии со цел да ги остваруваат и заштитуваат политичките, економските и социјалните културните и други права на граѓаните и да учествуваат во постапката за избор на пратеници во Собранието на РМ и одборници во собранијата на општините и Собранието на град Скопје.

Во членот 23 од Уставот на РМ сосема децидно е утврдено дека граѓанинот има право да учествува во вршењето на јавните функции. Во оваа држава партиите не постојат само да учествуваат во постапката за кандидирање на пратеници во Собранието и одборници во собранијата на општините туку и да утврдуваат кандидати за сите јавни функции. А јавни функции не се само пратениците и одборниците Затоа сметам дека упатно е да се преземе уставната формулација, правото на граѓаните да учествуваат во вршењето на јавни функции со соодветно претставено организирано во политички партии да биде дефинирано и како право на политичките партии односно граѓаните во слободно основаните политички партии како алинеја 3 дека имаат право да учествуваат во вршењето на јавни функции. Тоа е во поглед на дополнувањето на нова алинеја 2 со член 3.

III/5.-

Со овој амаднман исто така предлагам нов став 2 на истиот член ко гласи: "Членови на политички партии може да бидат само државјани на РМ". Образложението е зашто и во уставот сосема е децидно утврдено дека граѓаните на РМ имаат државјанство што се уредува со закон. Во членот 7 од предлогот на Владата во став 1 во предлогот за донесување на Закон за политички партии беше утврдено дека - политичка партија може да основаат најмалку 500 полнолетни граѓани државјани на РМ со постојано живеалиште на РМ. Во оваа фаза на предлог закон не знам од кои причини Владата го избришала зборот "државјани" и членот 7 став 1 гласи: "политичка партија основа 500 полнолетни граѓани на РМ со постојано живеалиште на РМ". Лично сметам дека ставот 2 што е предложен со мојот амандман во општите одредби како став 2 на член 3 треба да биде прифатен за да се знае дека членови на политички партии за да учествуваат во власта и вршењето на јавни функции може да

Од овие биде само државјанин на РМ. Од овие причини не гледам основа зашто претставникот на Владата има негативно мислење а не дал образложение за промената извршена во член 7 во оваа втора фаза во предлогот на закон за политичките партии. на пратениците им предлагам да го усвојат амандманот.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Мислам дека првиот дел од амандманот го промашува самиот закон зашто Уставот во членот 23 кажува дека граѓанин односно секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции доколку биде избран во соодветна постапка и процедура. Мислам дека во овој закон не е местото да го ставаме тој дел и алинеја.

III/6.-

Другиот дел од амандманот согласно на членот 4 е ноторен факт што не треба да се докажува - граѓаните на РМ имаат државјанство и тука се мисли дека секој граѓанин е и државјанин на РМ.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Мене како пратеник сега а не и предлагач на овој амандман не ми останува сега ништо друго освен да дадам поддршка и малку да образложам. Потребно е да се дефинира кој може да биде член на политичка партија. Тоа треба да биде дефинирано за политичките партии. Оттука прецизирањето што го предлага г-дин Петров за мене е на место. Во Македонија треба да може во политичките партии да се активни не само државјаните на РМ туку да имаат гостински статус и странците кои што тука престојуваат дали по основ на работа или друг основ брачни итн. За да се активни треба да можат да се овозможи дејствување и на политички план. Исто така не е спорно дека и странците во РМ можат да формираат свои политички организации, но тоа не се политички партии. Оттука се гледа тенката архитектура или тенката подлога на овој закон. Јас искажувам дека стојам уште еднаш зад овој амандман на г-дин Тодор Петров дека е нужно да се дефинира дека носители во политичките партии се државјани на РМ, а не било кој жител или што живее тука.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници, образложението што го даде министерот околу граѓаните на РМ и државјанин на РМ сметам дека не држи. Едно е граѓанин на оваа држава и друго е државјанин на една држава. Овдека мислам дека толку децидно е напишано кога се работи за граѓани на РМ

и дека само државјанин на РМ може да биде член на политичка партија, што веројатно министерот со оглед на тоа што во последно време чита помалку за политичките партии односно закони од неколку држави па ги измешал работите. Точно е да постојат вакви закони во кои е поимот граѓанин е учесник во избори, но едно е во избори на државна власт а друго во избори на локалната самоуправа, локалните единици каде што и во многу држави токму во локалните единици има граѓани кои може да не бидат државјани на соодветната држава а да можат да учествуваат во изборите. Но, овдека децидно се работи за политички партии кои со членот 2 што ни го понуди подетално пратеникот Јордан Бошков што малку е и прескокнат а мислам дека тој член 2 е многу содржаен со многу работи и таму е можно јасно децидно кажано и веројатно тука министрот го предвиде зашто во првиот предлог на закон што беше пунуден јасно стоеше државјанин на Македонија. Тука да не одиме на позиција која во одделни држави може да се формираат такви организации и здруженија само со поимот граѓани. Меѓутоа, овде поимот граѓани и државјанин е нерасчистен поим за мене, останува прашање. Јасно во членот 2 мора да постои зборот државјанин на РМ. Без тоа ќе има последици после во локалната самоуправа и законите што ќе треба да се донесат во врска со локалната самоуправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Предлогот на г-динот Петров и образложението на министерот со внимание ги сослушав. Сметам дека предлогот на Петров е основан од овие причини - во член 3 почетокот е овој "граѓаните слободно основаа политички партии". Предлогот на г-дин Петров е кој може да биде член

на партијата. И правам расклика кој може да организира според образложение на министерот политичка партија, а Предлогот на петров го сметам и го сфаќам кој може да членува во таа партија на територијата на РМ. Во тој случај се разликува предлогот на законот и предлогот на Петров. Петров со својот предлог има за цел во политичките партии на територијата на РМ да бидат само членови - државјани на РМ. Друго е кој може да ги формира партиите. Решението е прво, а второ е, г-дине Душане (се обраќа кон неговата десна страна во салата), до кога ќе се смеете на својата глупост.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам таму за тишина. Немојте така.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, јас немам ништо понатаму само сакам да ги уверам во она што размислувам а оние кои не сакаат да размислуваат, не можам да ги уверам. Јас го читам дословно амандманот на Петров дека членови на политичка партија може да бидат само државјани на РМ. Предложениот текст на закон граѓаните слободно основаат политички партии, па каде го наоѓате дека е сеедно исто кога се два поима и две содржини, кои мора да имаат разјаснување и мора да се најдат во истиот закон. Ако некој дошол овдека само да крева рака или да ја спушта, тогаш благодарам и на ова време што ми дозволивте да кажам.

III/9.-

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ноторен факт е дека министер за правосудство на РМ е г-динот Туше Гошев. Меѓутоа, не е ноторен факт дека сите граѓани на РМ се граѓани државјани на РМ по уставен механизам. Државјанстовот се уредува со закон и секој граѓанин не може да биде државјанин на РМ и оттука не може ни да партиципира во остварувањето на јавните функции и институции на власта. Министерот нека се присети што зборуваше во оваа смисла по повод други закони впрочем и во сегашниот постојан закон постои оваа дефиниција дека член на политичка партија може да биде само државјанин на Република Македонија.

IV/1.-СП/ЛЈ

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Тоа Уставниот суд ниту го оценил дека е против уставен и не гледам дека има причина некој да тврди дека по уставен автоматизам граѓаните се државјани и затоа нема потреба да стои во законот. Ако е така зошто во првата фаза на Предлогот за донесување закон Владата во членот 7 самата предлагаше политичка партија можат да основаат најмалку 500-тини полнолетни граѓани - државјани на Република Македонија. Предлагач - претставник бил овој ист министер. Тогаш со една вистина, сега со нешто друго. Сметам дека импликациите од примената на ваквата дефиниција на овој закон за право на основање ЈШОЛИТИЧКИ партии во Македонија заради партиципација во областа ќе бидат негативни за разлика од она што се предлага, што беше првично решение на самата влада, а тоа е дека членови на политичка партија можат да бидат само државјани на Република Македонија. Впрочем, и законодавно- правната комисија која е компетентно тело на ова собрание за членот 7 став 1 исто така имаа поднесено амандман да се врати првобитната форма односно решение на ставот 1 од членот 7 да се врати зборчето "државјанин"за да се комплетира целината дека навистина политичка партија можат да основаат најмалку 500-тини полнолетни граѓани, но кои се, пред се, државјани на Република Македонија. Сметам дека Собранието треба; да го усвои овој амандман.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Господа пратеници, во правната теорија се прави разлика помеѓу граѓанин! и државјанин. Граѓанинот е субјект во економските односи во негативните права заради сопствено живеење и стекнување на имот. Државјанинот е политички субјект во демократски устроена држава кој активно учествува во управувањето и обликувањето на самата држава.

IV/2.-

Ние зборуваме за иста работа само не можеме да се разбереме. Ако го прочитате членот 4 од Уставот на РМ каде кажува граѓаните на РМ имаат државјанство. Јас оттука викам дека политичка парти- ја можат да оснивaат најмалку 500-тини полнолетни граѓани на РМ тоа е ноторен факт дека тие граѓани се и државјани на РМ. Не треба никако да ја рушиме номотехниката на Уставот на членот 4 став 1 од Уставот на Република Македонија. Користејќи ја таа номотехника на членот 4 ние ја искористивме и во законот за политичките партии. Граѓаните на РМ се државјани на РМ. Тука станува збор само за државјаните кои активности ќе учествуваат во управување и обликувањето на таа дражва.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Министерот пак ни објаснува што е уставно решение во однос граѓанин и државјанство и што е предлогот на амандманот а што е предлогот на амандманот дали само државјани можат да бидат членови на партијата или не. Предлогот на Бошков покрај другото решение стои кој може да членува во политичка партија во РМ. Во Уставот не е решено за членувањето. 06јаснувањето дека 500-тини луѓе можат да основаат политичка партија не е спорно, спорно е со амандманот кој може да членува и затоа ова е прецизирање и објаснување. Ние не можеме на една политичка партија, господа, да и дозволиме да има членови по Предлогот на законот за избори и отповикување на пратеници. Таму се кажува колку членови треба да има една политичка организација. Сега, дали може да се оформат членовите, а бројот што го предлагавме да бидат 3000, 5000, членови на партијата, дали ќе можат да имаат 50 0-тини луѓе а до 3000 ќе имаме 2500 кинези,и тие да излезат на изборите. затоа предлогот е јасен, партијата може да има членови само граѓани на Република Македонија односно државјани, но не пишува така.

IV/3.-

Во текстот стои кој може да основа политичка партија, но кој членува во партиите. Во партиите треба да стои членуваат. Дали може господа, некој овде гласно реагира, има некои кои не се државјани на Република Македонија. Но, ќе бидат членови на одредена политичка партија да создаваат големина. Тие не се членови, не можат да бидат. На тој начин манифестираат политичка власт, а за да се огрнаичи на недржавјаните на Република Македонија да можат да манифестираат политичка власт му се забранува да биде член на политичка партија. Тоа е основниот елемент .

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Јас реков дека државјанинот е политички субјект во демократ- ски устроена држава во која активно ќе учествува во обликувањето. Зборуваме за иста работа и сега ако ми дозволите, ако повторувањето е мајка на знаењето, тогаш повторувачите се со трајно незнаење. Оттука, го прифаќам амандманот, да ја разрешиме ситуацијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само овој став е прифатен за државјаните. Инаку, првиот дел е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 алинеја 1 и 3, поднесен од пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски.

Го молам претставениот ан Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот, затоа што во членот 20 последниот став е уредено прашањето од Уставот на Република Македонија пишување на закони во негативна конотација не се практикува па оттука сметаме дека тоа е забрането со уставот, па членот не треба да го оптоваруваме со таков текст.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

По наше мислење не се работи за никакво оптоварување на законот, туку за допрецизирање на алинејата 1, каде се вели: "Програмата, статутот и дејствувањето на политичките партии не можат да бидат насочени кон национално уривање на уставниот поредок", ние додаваме во алинејата 1 "и создавање на паравоени формации". Едното произлегува од другото. Зошто? Затоа што насилно уривање на уставниот поредок сигурно претпоставува создавање на некоја вооружена формација, во овој случај паравоени формации. Такви примери имавме и во оваа наша држава. Одредени политички партии создаваа паравоени формации нормално и беа обвинети тие што создаваа паравоени формации за насилно уривање на уставниот поредок.

Ова е само едно допрецизирање, мислиме дека би требало Владата да го прифати и во алинејата 3 мислиме дека терминот "разгорување на национална, верска или расна омраза или нетрпеливост" е остаток од претходниот систем, а кој е тој што ќе цени што е тоа разгорување на национална верска и расна омраза или нетрпеливост. Се дава едно дискрециono право на некој си да цени дека некои политички субјекти работат на разгорување на национална верска итн., омраза или нетрпеливост.

Затоа предлагаме алинејата 3 да гласи: "Програмата, статутот и дејствувањето на политичките партии не можат да бидат насочени кон ограничување на слободите и правата по основ на пол, раса, боја на кожа,јазик, вера национално или социјално потекло, имотна или општествена положба". Оваа терминологија, така да ја наречам, што ја предлагаме е директно вградена во уставот на Република Македонија и мислиме дека соодветно треба да биде вградена и во алинејата 3, членот 4 од законот за политичките партии што го предлага Владата. Навистина терминолошки разгорување, кој е тој што ќе цени дека

IV/5.-

одреден политички субјект работи на разговоруваше. Мислам дека тој термин од претходниот систем и не би требало Владата да го прифати, а терминологијата ние што ја предлагаме, предлагам Владата да ја прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот да крене рака ? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот 4 на став 1 алинеја 1 и 3, поднесен од пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманот на член 4, поднесен од Законодавно- правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот на Владата Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој е бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови члена 4-а и 4-б, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

IV/6.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не ги прифаќа амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Амандманите легализираат една состојба во функционирањето на политичките партии и нивната меѓународна соработка и активност која мора да најде соодветно решение и во законските одредби. Затоа се предлага да се додадат два члена после членот 4 и тоа 4-а и 4-6.

Во членот 4-а предлагам да се утврди дека политичките партии се рамноправни и имаат еднаква правна положба^ пред Уставот и Законот.

Во членот 4-6 предлагам да се утврди дека политичките партии можат да се здружуваат во услови и други облици на здружување заради унапредување на својата работа и активност и усогласување на посебните и заедничките интереси во дејствувањето и остварувањето на програмите.

Политичките партии и нивните сојузи и други облици на здружување можат да соработуваат и да се зачленуваат во меѓународни организации ако нивните програми и дејствувања не се во спротивност со членот 4 од овој закон.

Политичките партии се должни за здружувањето во сојузи и други облици на здружување и за зачленувањето во меѓународни организации да го известат окружниот суд во Скопје заради запишување на здружувањето односно на зачленувањето во судскиот регистар.

На овој начин со закон се утврдуваат и би требало да се утврди дека политичките партии имаат право да соработуваат и членуваат во меѓународните организации, меѓутоа, ако тргнеме од уставното право се што не е забрането со уставот и законот е дозволено, можно е одделни политички партии да членуваат во меѓународни организации кои се во спротивност или нивните цели и задачи се во спротивност со веќе утврдениот член 4 кој го санкционира дејствувањето на политичките партии во Република Македонија, а тоа е дека не можат да бидат насочен и програмата, статутот и дејствувањето на политичките партии конпнасилно уредување на уставниот поредок, поттикнување или повикување, на воена агресија и разгорување на национална, верска и расна омраза и нетрпеливост.

На тој начин сметам дека правото на политичките партии да членуваат и соработуваат со меѓународни организации кои, дефакто, функционираат во практиката ќе биде легализирано со одредби од законот, а меѓутоа, ограничено и забрането зачленување во оние меѓународни организации кои имаат цели и задачи од она што е ограничено право на регистрирање на политички партии во РМ, дефинирано со членот 4. Затоа мислам дека предложениот амандман треба да стане составен дел на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (14)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање на два нови члена 4-а и 4-б поднесен од пратеникот Тодор Петров.

IV/8.-

Отворам претрес по амандманот на член 5 за додавање два нови става 2 и 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот затоа што работата на политичките партии е јавна, затоа што тие претставуваат конститутивен елемент на државата, па оттука сметаме дека таквиот амандман за исклучување на јавноста од работата на политичката партија е спротивен на уставот и не е морален. Оттука предлагаме овој амандман да биде одбиен.

**СТОЈАН АНДДВ:**

Дали некој бара збор? Име збор господинот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Правото на исклучување на јавноста од работата на институциите ан власта е утврдено право загарантирано со уставот. Ако може парламентот да ја исклучи јавноста во расправата по одделни прашања што е санкционирано со уставот, нема никаква логика партија која партиципира во институцијата на власта да не може да ја исклучи јавноста во постапката на дефинирањето на своите политички ставови. Инаку, ако вака се прифати формулацијата на членот 5 работата на политичките партии е јавна, интелектуалната шпиунажа може да функционира максимално. Секој да ти дојде на седница на партија кога дефинираш стратешки прашања во поглед на дејствувањето во политичките институции да немаш право да го одбиеш затоа што ќе те пријави во надлежните органи, му го исклучуваш правото на јавноста за да евентуално ја посматраш или следиш работата на таа политичка партија.

Затоа сметам дека треба да се прифати решението во случаевите утврдени со статутот што оди на регистрација кај надлежниот суд кој го води регистарот на политичките партии и политичката партија да може да ја исклучи јавноста и дека политичката партија е должна на надлежниот орган да му овозможи увид во стекнувањето и користењето на средствата со кои располага во рамките на обезбедувањето на уставноста и законитоста.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор пратеникот Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, членот 5 е една убава декларација. Јавноста во работењето, во делувањето на политичката партија е нужност. Тоа е несомнено така. Сепак праксата е поинаква. Ние сме сведоци исто така и на партиите што се во парламентот и тие што не се дека имаат свои седници, свои координативни средби кои се без увид на јавноста. Јас сметам дека таквите средби се сосема легален облик на нивно дејствување така што ваквите додавки што тука со амандман се обидува г-динот Петров да ги појасни се исто така прифатливи и давајќи поддршка за амандманот само би се запрашал за следното. Во што е неморалот во овака понудениот амандман?.

V/1.- ЈМ/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

16 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 за додавање два нови става 2 и 3, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 5-а поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот, затоа што политичката партија со самиот упис во судскиот регистар стекнува правен субјективитет и таа сама одлучува во правниот промет, а странките кои сакаат да заклучуваат договори со нив слободно стапуваат во договорни односи. Оттука сметам дека формулацијата,политички партии одговараат за обврските со средствата со кои располагаат, мислам е непотребна формулација, затоа што вие го ограничувате правниот субјективитет со уписот во судскиот регистар на тоа правно лице, кое ќе стане правно лице од уписот во судскиот регистер.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

За правните субјекти и претпријатија постои Закон за претпријатија и истите одговараат за обврските со средствата со кои располагаат. Меѓутоа, аналогијата од одредбите за Законот за претпријатија како правни субјекти, правни лица во правниот промет не може да се прифати

и на правните лица политички партии, затоа што нивниот субјективитет се регулира и уредува со посебен закон за политички партии. Не може членовите на политичка партија да одговараат за обврските на партијата во определени купопродажни, било какви односи ако тие партии стапат и направат определена да кажеме манипулација со тие средства, а тоа да има одраз и врз членовите на самата политичка партија. Затоа сметам дека сосема оправдано би требало да стои дека политичките партии одговараат за обврските со средствата со кои располагаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Јас реков дека не треба да ја ограничуваме диспозицијата на странките кои сакаат да заклучуваат договори, а за своите обврски партијата и така ќе си одговара за својот имот. Па сметам дека правниот субјективитет не треба да го ограничуваме во таа насока.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака.

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 5-а, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член бб-а, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

V/3.-

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Со самиот факт дека секоја политичка партија со регистрирањето стекнува правен субјективитет и таа може да основа други субјекти и здруженија, сметам дека секоја политичка партија во својот статут ќе си го уреди прашањето дали ќе основа такви здруженија. Оттука сметам дека формулацијата на членот 6-а не треба да стои. Тоа партиите ќе си го уредат со своите статути.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Амандманот предлага санкционирање со одредбите на законот на една состојба која функционира во практиката. Секоја политичка партија има младински организации. Меѓутоа, вие не може да основате и да им дадете право на партијата да формира младинска организација без да има уредено односи и принципи на основање на таа младинска организација, ако веќе во самиот член 7 предлагате дека партија може да основаат само полнолетни граѓани, а во младинските организации можат да членуваат и лица кои не го исполнуваат условот на избирачкото право од 18 години од една страна. Од друга страна не може да се дозволи заради обврската на државата спрема многу меѓународни конвенции да се врши злоупотреба на децата во политички цели. И затоа годишната граница на членување во младинските организации мора да биде дефинирана и пропишана со закон. Од таа гледна точка предлагам да се додаде еден амандман кој ги прецизира овие односи и состојби, кој гласи: "Политичката партија може да основа младинска организација. Името и внатрешната организација на младинската организација на

политичката партија се уредуваат со статутот на политичката партија. Членови на младинска организација на политичка партија можат да бидат млади со наполнети 14 години живот". Токму се дефинира границата, цензусот минимален за членување во овие младински организации за да не ни се случува децата да ни бидат предмет на политичка манипулација, злоупотребени во политички цели.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Ваквото прецизирање во законот за мене е потребно, иако не би инсистирал да биде на ова место, тоа мора да биде дефинирано во статутот на партијата. Но, исто така, потребно е да биде кажано во законов како да изгледа статутот на партијата. Според она што ние го имаме на маса како Предлог-закон од Владата тоа не е запишано. Така што ова прецизирање е на место и јас би сакал да го поддржам. Јасно е дека со младината не треба да се врши политичка манипулација, но исто така е јасно дека ангажманот на младите во политичките партии не е манипулација, не е манипулативна состојба. Затоа сосема е коректно да се каже која возраст е минимална за да може да има учество младото лице во активности на политичка партија. Мебн ми е познато дека границата е околу 16 години во многу држави на Запад. Но, не значи дека мора да е толку. Исто така е познато дека има многу иницијативи во последниот период, во последните две-три години каде што се бара лицата со 14 години да можат да се активираат. Едноставно тоа е процес на зрееше, тоа е процес на создавање личност и оној кој мисли одговорно да се вклопи подоцна да влезе во државните институции, во државните замки, за него е корисно а со тоа и за општеството вклопувањето да биде час поскоро. Така што формулацијава од

амандман 6 од господин Петров е на место и јас не гледам пречка тоа да биде така прифатено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

18 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 6-а, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1, поднесен од пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Што се однесува на цензусот од 500 члена кои можат да формираат политичка партија, ние предлагаме дека овој цензус од 500 члена е мал и предлагаме бројката да биде 5.000. Тоа е некаде, таа бројка од 5.000 е некаде од 0,25% од населението во Република Македонија, односно бројката 500 излегува дека е 0,025%. Мислиме дека заради она што се случува сега дека имаме еден голем број партии во Република Македонија, во една држава со два милиона население да

V/6.-

има над 60-тина, 7 0 партии, мислиме дека е нецелисходно, односно дека повеќето политички партии што и сега егзистираат на некој начин можат да најдат заеднички допирни цели на политичко дејствување и би можеле на некој начин да се соединат да речеме, затоа предлагаме бројката 500 цензусот да биде заменет со 5.000. Јас да бидам искрен пред една година имав еден амандман за 60.000, меѓутоа сфаќам дека навистина тоа е мегаломанско барање најмалку 60.000 членови да формираат партија. Мислам дека средната граница би требала да биде 5.000 членови во Република Македонија најмалку за да можат да формираат политичка партија која би се борела за освојување на власта. Во тоа е суштината на амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

18 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 став 1, поднесен од пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1,2 и 3, под- несен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата го прифати амандманот.

V/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7 за додавање два нови става по ставот 3, поднесен од пратениците Томислав Стефковски и Стоиле Стојков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Суштината на амандманот се однесува во тоа што бевме сведоци пред малку дека Владата, односно претставникот на Владата министерот за правосудство и управа Туше Гошев го прифати амандманот од господинот Петров каде што наместо "граѓани" ни стои "државјани". Но, се поставува прашањето како да се докаже дека одреден член на одредена партија е државјанин на Република Македонија. Затоа ние предлагаме нов став 4 кој би гласел: "Во изјавата за доброволно членство во политичка партија, покрај основните податоци задолжително треба да стои и матичниот број на членот". Свесни сме, за одредени политички партии знам, имам таква информација дека имаат во своите пристапни изјави и матичен број што е основа да речеме за докажување, матичниот број е основа за докажување на државјанството. Би требало сите политички субјекти по усвојување на овој закон своите пристапни изјави да ги приспособат со тоа што во нивните изјави ќе стои и матичниот број за да се докаже и да се потврди дека членови на одредена политичка партија во Република Македонија можат да бидат само државјани на Република Македонија, а не и странски државјани

како што имаме случаи. Во тоа е суштината на ставот 4, новиот став 4 што го предлагаме во членот 7.И во новиот став 5 што го предлага- ме има едно ограничување за одредена група на граѓани, свесни сме дека такви има каде што се вели дека, предлагаме, не може да биде член на политичка партија граѓанин кој имал контакти со странски разузнавачки служби, кој работел во службите за безбедност на Република Македонија или бил нивен резидент. Еве зошто? Затоа што ако се заложувавме во оној неизгласан закон, изборен закон за избор и отповикување, за измена на законот за избор и отповикување на пратеници и одборници кој не беше донесен во ова Собрание, се залагавме да одредени службеници во Министерството за внатрешни работи, АРМ итн. кое беше прифатено од Владата, зошто да не стои да речеме членови во политичките партии да не можат да бидат луѓе кои на некој начин работеле во тие служби, односно биле нивни резиденти или пак биле соработници на странски разузнавачки служби. Зошто го велам ова? Затоа што имаме такви примери, непосредно имаме примери. Да речеме во една политичка партија членува човек кој 15 години бил во Службата за државна безбедност, сега наводно пребегал во, еве ќе кажам искрено во ВМРО-ДПМНЕ и е нивни член. Зошто? Како може тој да членува сега во политичка партија. Зошто го кажувам ова. На некој начин се јавува двојство. Тој човек до вчера требало да ги почитува тие правила и прописи таму 15 години од каде што земал леб, сега одеднаш добро и мисли на партијата и дошол во таа партија. Создава една забуна кај членството и симпатизерите пред се, односно луѓе да речеме за кои има основано сомнение дека се врбувани од странски разузнавачки служби со тоа што побегнал да речеме барал политички азил во една соседна држава, добил политички азил, таму го врбувале, го инструирале итн. со петмесечен курс, па го испратиле во Австралија да работи меѓу македонските граѓани да ствара една збрка итн. и сега е главен кадровик

во една политичка партија. Такви односи не би требало да има. И затоа ние бараме децидно на такви членови да им се забрани да членуваат во политички партии. Тоа е основата, мислам многу е рационално ова наше настојување со амндманско дејствување на овој член да создадеме една правна сигурност, односно сигурност на нашите идни членови кои ќе членуваат во политичките партии и симпатизери да имаат, да речат, еве во тие политички партии не членуваат разни резиденти на странски разузнавачки служби или на Службата за државна безбедност, односно да не се шират разни манипулации итн. Во тоа е суштината на овој став 5.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

8 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 за додавање два нови става по ставот 3, поднесен од пратениците Томислав Стефковски и Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 7-а, поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

V/10.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, основата на оваа амндманска реакција од моја страна е во тоа што после членот 7 да се додаде нов член 7-а кој би гласел: "При основање на политичка партија кога како основачи се јавуваат и припадници на националностите нивниот број може да биде најповеќе до 60% од дозволениот цензус за основачи, предвиден во членот 7 од овој закон". Во цензусот во членот 7 од овој закон остана знаете 500 полнолетни граѓани, што значи дека припадници на националностите кога ќе основаат партии, а имаме сега партии кои се на националностите така да се изразам, би требало најповеќе нивните членови од овој член да изнесуваат некаде тоа е 300 членови, односно оние другите 20 0 членови да бидат македонци. Зошто го велам ова? Ова е еден допринос, во Уставот имаме, во преа булата на Уставот имаме запишано дека сите политички субјекти ќе се заложуваат за соживот, јас би рекол за едно комшиско живеење и вчера на таа тема зборував, односно ова ќе биде доказ дека припадниците на националностите кои сакаат да основаат политички субјекти се за едно комшиско живеење. И затоа, во нивните политички партии би требало да речеме да членуваат и македонци како носители на суверенoста на оваа држава. Такви решенија да не се залажуваме дека се недемократски, има во одредени држави. Да ја спомнам само Бугарија да речеме, при основањето на една демократска партија на прав- дата, или како се вели таму на турското малцинство во Бугарија има една клаузула каде што се вели дека одреден број од членовите на таа партија треба да бидат и бугари по род. Тоа таа партија го постигна, постигна и успеси на изборите итн. освојувајќи пратенички места. Ова е само еден пример,

имаме повеќе такви примери зошто го велам ова. Затоа предлагам јас, не е ова никакво ограничување, туку еден придонес кон тоа комшиско живеење за да и националностите покажат во оваа држава дека се лојални, дека политички можат да дејствуваат заедно со македонците итн. Затоа предлагам и мислам дека кај повеќето пратеници можеби ќе наиде на прием овој нов член 7-а што го предлагам да најповеќе националностите учествуваат како членство во новоформираните, или оние партии кои ќе бидат подложни после тоа, досега регистрирани кои ќе бидат подложни да ги ускладат своите статути и својата програма и своето дејствување со одредбите на овој закон по неговото усвојување.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ** : (Продолжение)

Да се овозможи навистина едно соседско живеење како што во Уставот стои еден соживот. Тоа ќе биде придонес, се надевам дека и пратениците на ПДП ќе гласаат за овој амандман.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитувани пратеници, јас овој амандман би го прифатил само под услов доколку господинот Стоиле Стојков го измени и го прошири да важи за сите политички партии во Македонија, не само за националностите или што ти јас знам, туку во секоја политичка партија, по одреден процент да членуваат припадници на македонскиот народ и припадници на другите националности. Тогаш со двете раце ќе гласам и само на тој начин би било придонес за сожителство, демократија и слично, а не за некој да бидеме мајка аза некој маќеа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само ве молам секој да гласате само со по една рака. Инаку ќе направите збрка.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Господинот пред малку што го кажа тоа не е ништо ново. Јас да кажам дека во својата политичка опција секогаш сум се залагал за тоа и да ве известам дека во политичката партија во која јас членувам имаме членови кои се и Срби по националност и Албанци и Роми итн. Тоа можеме ако сакате и писмено да ви го докажеме. Затоа велам она што мојата политичка партија ја застапува како опција како македонска национална демократска партија, во ваков случај треба и партиите на националностите за да придонесат во тој соживот би требало да има во нивните редови. А свесни сме дека партиите на националностите, т.е.

националните малцинства спрема меѓународната терминологија се скоро едноцнационални. Тоа го докажуваат и како нивни претставници избрани во Собранието. Тоа е логиката. Инаку да ве известам дека политичката опција што јас ја застапувам имавме избрани дури и одборници што ги негираат сега дека не сме избрале од националностите.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, по малку се смеам кога слушам образложување на такви предлози. Како јас го разбирам овој предлог. При основање на политичка партија кога како основачи се јавуваат и припадници на националностите нивниот број може да биде најповеќе 60% од дозволениот цензус за оснивачи предвидени од членот 7 на овој закон. Не можам да разберам јас добро дали логички значи ако нема 40% македонци, не можат да основат партија. Албаниците не можат да основат партија, Ромите исто така не можат, заради тоа што ќе треба 40% Македонци да молиме да дојдат. Турците не можат, Власите не можат, Србите н еможат.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мислам дека конечно една паметна работа произлезе и од господинот Стоиле. Мислам дека со амандманот тој ја погодил целта. Со оглед на тоа што господинот Стојков се откажа од ВМРО, јас ќе му отворам пристапница и ќе му ја доставам тој да се потпише и со личен пример прв своето поведение да го усогласи со амандманот кој е предложен.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Мене обратно ми кажуваат господине Стојков вие триесет години само паметни работи кажувате, но изгледа ПДП прв пат ме сфатија и мене ми е мило дека прв пат ме сфатија што цело време паметно сум

зборувал, тоа е прво и второ, нема потреба, јас во ВМРО. Јас сум член на политичка партија која е ВМРО. Колку што знам има повеќе ВМРО, но едно е вистинското ВМРО.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам од говорницата да не правите партиски пропаганди.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Инаку што се однесува до господинот Фаик Абди, морам да му признаам дека наполно ме разбра, амандманот е токму тоа. Токму тоа велам и Партијата за целосна еманципација на Ромите јас сигурен сум дека има македонци и знам дека има, во тој случај нема проблем да собере 40% македонци за да дејствува политички. Во тоа е суштината. За придонес за еден соживот. Јас морам да му заблагодарам на господинот Абди што навистина ме разбра дека содржината на амандманот е таа.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Мислам дека амандманот е спротивен на членот 9 од Уставот на Република Македонија каде што кажува дека граѓаните се еднакви во правата и мислам дека тој амандман е против уставен и не треба да дискутираме.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа треба да си кажеме веднаш ако гледаме на она независно што се одигрува во таа дебата. Јас лично нема да го поддржам овој амандман бидејќи политиката која се води во македонската држава поинаку гледа на политичкиот ангажман на припадниците на националностите. Друго прашање е што интенција на овој амандман јас тука би се согласил евентуално со предлагачот дека е крајно пожело националностите во својот политички ангажман толку да бидат кооперативни да бидат прифатливи за македонците. Во тоа нема

ништо лошо. И обратно со тоа што нашата практика од 199 0 година покаже на пример ВМРО-ДПМНЕ доби и одборник не македонец каде што македонци гласале, за разлика од СКМ-ПДП што не доби ниту во албанска средина ниту еден глас или само еден глас. Тоа е многу важно да се овозможи и во законот на некаков начин луѓето поточно припадниците на националностите да се чувствуваат одговорни за состојбата во нивната политичка партија доколку нема македонци кај нив. Тоа е причината. Не може да биде виновен целиот македонски народ зошто не членува кај нив, т.е. една политичка партија од државата може нешто да бара, но пред се треба нешто на таа држава да и дава. Инаку споредувањето со член 9 на Уставот дека тоа било кај нас запишано и сега би било ограничување на слободите, за мене не држи бидејќи тоа се однесува на граѓаните, а не националностите. И да кажеме и тоа дека бидејќи веќе се отвори ваква пема споредбено во Република Македонија најмногу политички слободи има за националностите. Еве имавме,т.е. се доживеа повеќе партиски плурални избори во неколку соседни држави и ширум Европа но ваква слобода за политичко организирање на националните малцинства, поточно кај нас на националностите не е видена.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Само заради објективните услови, бидејќи не е можно да се направи тоа што е единствено природно и како дел на суверено право на една држава да се забранат политичките партии на малцинствата само затоа сметам дека не треба да се поднесува во оваа ситуација амандман, што не значи дека нема по изборите во 1994 година и тоа прашање да се реши на природен начин. Инаку, сметам дека амандманот на господинот Стоиле Стојков е нехуман заради тоа што на два пати ќе ги трауматизира оние на кои што треба да се однесува. Јас

сум за побрзиот начин, веднаш забрана на политичките партии на малцинствата.

**ФАИК АБДИ:**

Даме и господа пратеници, навистина пред нас е една многу тешка материја онолку тешка колку што можеме да ја сфатиме суштината на материјата. Ваквото однесување да речеме дали е во право господинот Стојков што го поднесе таквиот амандман, односно онаа последна реченица на уважениот господинот на ДП вели такви партии да се забранат веднаш, наведува човек на размислуваше малку повеќе и јас би ве молел да ме ислушате со соодветно внимание. Сакам да кажам дека ако не постојат такви партии за националностите, да речеме ако националностите не учествуваат во партиското живеење на една држава, како граѓани како државјани на државата, кога тие ќе можат да седат во овие пратенички групи, кога ќе можат да седат во локалните парламенти, кога ќе можат да ги поставуваат своите прашања на образование, на воспитување, на култура, на цивилизација, на популациона политика и така она таму.

Подучени од еден систем кој што измина едно педесетина години во овие пратенички клупи овде некој друг ја одредуваше волјата и кажуваат дека од Ромите ќе има само еден и тоа почна некаде 1960 година, пред тоа немаше. Овде може да дојде пратеник ако има избирачко тело. Ако нема избирачко тело нема што да дојде. Јас не сакам во овој случај да го спомнам Радовиш и Струмица што таму се направи, каква клима сега околу пописот да влезат и турци во Парламентот. Нека. Ако луѓето се определиле ромите да бидат турци, значи дека се еманципирани. Не е тоа голем грев да речеме. Јас мислам дека ако програмата на ВМРО, односно во овој случај на ВМРО-ДП е таква, таа е таква програма и нема што. Меѓутоа интересна работа дека

постои внатрешна  македонска револуционерна организација. Кога веќе постои Република Македонија, слободна,суверена и независна. Јас правам една мала споредба ако може да постои револуционерна тој назив, а да не постои нешто друго.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Токму амандманот мислам дека е хуман. Јас сакам да ја искористам преамбулата на Уставот каде што се зборува за соживот на македонскиот народ со националностите. ВО тоа е состојбата. И во овој случај толку хумано предлагам што националностите кои сакаат да формираат политички партии 60%, значи мнозинството секако ќе го имаат во таа политичка партија. Секогаш 60% од таа политичка партија ќе бидат припадници на таа националност. Значи ќе има еден вид демокртски натпревар едно демократско усогласување. Состојбата е само што треба да најдат 40% да бидат македонци. Значи да и веруваат македонците пред се на таа партија, без разлика која националност ќе биде. Кога ќе се стекне таа доверба, кога ќе се добијат членови и од македонците во таа партија тогаш мислам дека ќе можеме да зборуваме за тоа соседско живееше. Во тоа е состојбата на амандманот а не се работи за никакво подметнување. Револуција може да значи револуција.; во се. Ние не сме за борбена револуција туку за револуција вие исто тоа го имате за еманципација е исто еден вид револуција. Еманципација на македонската национална мисла. Во тоа се состои еволуцијата во името на ВМРО. Таа револуција не е борбена револуција туку национално демократска еманципација пред се. Издигнување на националниот дух, на патриотскиот дух на македонецот во оваа држава. Кога тоа ќе го постигнеме 40% од македонците да бидат во ПЦЕР ќе речеме дека навистина имаме едно соседско живеење, еден соживот од преамбулата на Уставот како што пишува.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Сега спомнавме овде хуман, нехуман мислам дека малку направивме квалитетни разлики во тој дел и лично сметам јас како пратеник на Социјалистичката партија се залагам за хумани односи, меѓу членовите на Партијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам дајте за амандманот. Инаку за што се залагаме е друга работа.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Амандманот мислам дека практично се осврнува на она што треба менување на структурата на членовите на партијата, не неможеме да ги регулираме со една норма. Секогаш во некоја одредба кога се пишува и кога се утврдува со некоја норма, мислам дека тоа е нехумано. Меѓутоа, потребно е, а тоа е спонтано секоја индивидуа сама да гради став во која партија ќе членува, имајќи ја предвид програмата која ја нуди секоја партија. Меѓутоа, најпожелно е тоа да се одвива спонтано, така да јас да речеме во мојата партија немам такви проблеми затоа што во партијата членуваат од сите структури кои се присутни во оваа наша македонска; држава. И од тој аспект не го прифаќам поднесениот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (9)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 7-а поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 9, за додавање два нови става поднесени од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претстанвикот на Владата да се произнесе.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ова прашање не е уредено со Предлогот на законот што е содржина на предложениот амандман.

Владата не го прифаќа амандманот, затоа што тоа прашање е уредено.

VII/1.-пј/јс

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (Продолжение)

Имено,во членот 9, став 2 и 3 во Предлогот на законот е утврдено дека името и ознаките на политичката партија мора да се разликуваат од името и ознаките од веќе регистрираните политички партии во земјата и во странство и дека политичките партии не може да имаат домашни и странски државни ознаки. Амандманот предлага дополнување на овој член со два нови става, кои гласат: "Името и ознаките на политичката партија не смеат да означуваат или да асоцираат припадност на странска држава. Не може да биде предмет име на странска држава и име на политичка партија, која функционира во македонскиот политички простор". Од таа гледна точка ова што се предлага со амандманот не е уредено со формулацијата или предлогот на Владата.

Понатаму, во постојниот закон за општествени организации и здруженија на граѓани постои посебна одредба во која се вели дека Како име и ознака на политичка партија не смеат да се употребуваат имињата и другите обележја на организациите и движењата поразени во втората светска војна. Оваа формулација од амандманот не е содржана во Предлогот на законот. Предлогот на законот третиран дека политичките партии не може да имаат домашни и странски државни ознаки. Амандманот сосема децидно утврдува она што е и предмет на сегашната позитивна законска регулатива дека како име и ознака на политичка партија не смеат да се употребуваат имиња и други обележја на организациите и движењата поразени во втората светска војна. И лично сметам дека таквата определба и дефиниција во сегашниот закон треба да продолжи и понатаму како составен дел во овој позитивен законски пропис за политичките партии, заради тоа што Предлог - амандманот не

е уреден со предлогот на Законот. Од оваа говорница можат да се искажат било какви политички размислувања, некои пратеници дури кажаа отворено дека од тие пратеници што седат позади нас како говорници од оваа парламентарна говорница дека демократија е да се пропагира и чист фашизам. Меѓутоа, кога цел запад тоа го санкционира, одредбите од Предлогот на законот не санкционираат евентуално регистрирање на некоја таква политичка партија со име, па и програмска содржина и определба на движења и организации кои биле поразени во втората светска војна. Токму од тие причини предлагам амандманот да биде составен дел на предлогот на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-дин Гошев, министер за правосудство.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Ако го погледнете ставот 1 каде што ги кажува името и ознаките на политичката партија не смеат да означуваат или да асоцираат припадноста на странска држава, тогаш ние ќе го створиме секундарното право на тој што го применува правото и секогаш на него ќе му асоцира, а со таа непрецизност фактички ќе ги ограничиме да можат граѓаните да регистрираат. Кога се пишуваат законите тие треба да бидат јасни и прецизни. Во нивната императив- на норма која сака да ја регулира материјата. А асоцираат, означуваат, кој му дава дискреционо право на оној кој го применува правото, тогаш ќе ја срушиме правната држава.

А што се однесува како име и ознака на политичка партија не смеат да се употребуваат имињата и другите обележја на организациите и движењата поразени во втората светска војна, тоа е ствар на политичка оценка на Собранието. Владата смета дека таква формулација не треба да стои во Законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 за додавање два нови става поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за додавање нов став 2 поднесен од пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот, затоа што територијалните оснивачки собранија и собранијата....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12, став 2, алинеја 1, 3 и 4, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Г-дин Петров бара збор.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Бидејќи Владата го прифати амандманот на членот 8, став 2, со кој се дефинира Одлуката за основање на политичка партија во смисла на нејзината содржина, нема никаква причина да го отфрла амандманот на членот 12, став 2, бидејќи е во иста насока како и веќе пред малку прифатениот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На член 12, дали го прифаќате? (Се прифаќа)

Отворам претрес по амандманот на член 16 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господине министре повелете.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Го повлекува г-дин Петров амандманот.

Отворам претрес на член 17 за бришење на точка 2 поднесен од пратеникот Насер Зибери и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот затоа што спротивен е на членот 110 од уставот на Република Македонија каде е кажано дека Уставниот суд на Република Македонија ги цени уставноста и законитоста на програмите на политичките партии. А, поаѓајќи од тоа дека основните политички функции... да не објаснувам едноставно е спротивен на членот 110 од Уставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на точка 2 поднесен од пратеникот Насер Зибери и Исмет Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 17 за вршење на точка 2 поднесен од пратеникот Насер Зибери.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 и за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот, затоа што во постапката за забрана на политичката партија предвидува да бидат уважени постапката пред односно во парнична постапка, а тоа значи дека располага со сите правни лекови. Единствено правиме еден исклучок кога во поканата на политичката партија кога ќе биде поканета задолжително да присуствува, а не, бидејќи повредите се однесуваат на членот 4 кои не трпат одлагање на самиот процес на насилно уривање на уставниот поредок итн., судот да може без присуство на двете странки да одлучува за делувањето на политичката партија. Пак, оттука, сметам дека амандманот треба да биде од биен).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Г-дин Стојановски бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овој амандман е од ЗПК и го предложивме да се подобри положбата на странката во постапката. Да може да се држи во отсуство на овластено лице. Кога ќе се покрене политичката партија ако нема потпис од овластено лице, дали ќе може да се држи рас- права во присуство или не. Ние не можеме да добиеме такво ветување односно гаранција дека партијата е поканета. Тоа е едно.

Второ, не може да се држи во отсуство ако немаме чист доказ дека странката имала намера да дојде. Ова го кажуваме со додавка на вториот став што ќе биде ако јавниот обвинител не дојде. Дали и тогаш треба да продолжиме расправа. И да имаме една рамноправност ако

јавниот обвинител не дојде, а по негов предлог е иницирана постапката да се смета дека предлогот е повлечен, а не да се одлучува. Од која причина? Ако претставникот на партијата дојде, па предлага докази, предлага ова да се докаже дека нема интерес државата да се забрани партијата. Пак ли доаѓа јавниот обвинител. До кога таа постапка ќе тече. Јавниот обвинител како заштитник на државата мора да присуствува. Кажуваме не може да се држи во отсуство на странките туку ако јавниот обвинител му дојде ќе се места дека предлогот е повлечен. Како по правило во сите постапки, ако оној кој иницира постапка ако не се јави на суд да се смета дека одустанал од предлогот. Во таа смисла сакаме да се применува и кривичната постапка и граѓанската постапка и вон процесната постапка. На сите места говорат ако оној кој иницира постапка не дојде, да се смета дека Предлогот е повлечен.

Ќе ве запознам само со една работа, претставникот на Владата во пред комисијата имаше едногласно размислување, што ако не дојде јавниот обвинител. А, има ваква одредба, ќе биде оштетена државата. Како ќе можеме да се сфатиме ние за еден претставник на државата не доаѓа и ние да ја штитиме државата и тоа само поради аљкавост на еден обвинител. Затоа, државата да биде сигурно заштитена, ќе го обврземе јавниот обвинител задолжително да биде присутен, затоа што не е еден обвинител, има еден обвинител има повеќе заменици. Тогаш ќе може во секое време да се обезбеди застапување. Од тие причини, предлагаме гаранција на правата да се запази.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 21 пратеник гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 22 и за додавање нов став 2 под ставот 1 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 25, став 1 под- несен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот, затоа што во членот 22, ја прифати процесната постапка, а во процесната постапка и едната и другата странка имаат право на жалба пред повисокиот суд, па оттука сметам дека позитивната еномерација на решавањето на случајот е беспредметна во дадениот предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор

Томислав Стојановски бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, ова е чисто за подобрување на текстот. Да можете да сфатите ќе го прочитам текстот кој се предлага во законот. "Против решението на надлежниот суд од член 20 на овој закон надлежниот јавен обвинител и политичката партија можат да поднесат жалба до Окружниот суд. Предлогот како и вообичаена техника, затоа што и пред судот има странки, а не опис на оние кои учествуваат. Предлогот е против решението на надлежниот суд од член 20 на овој закон, незадоволната странка има право на жалба до надлежниот окружен суд". Чисто подобрување на текстот, да не стои гломазност една реченица од 20 збора и повеќе не може да се задоволи со три збора и да биде чисто и

јасно. Тоа е целиот однос, овдека одевме на подобрување на текстот на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

18 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 25, став 1 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 28 за додавање нова точка 3, по точката 2 поднесен од пратениците Михаил Пановски, Петар Гошев, Ристо Јованов, Тодор Петров, Ѓулистана Марковска, Душан Трпчевски и Кирил Ковачевски. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-ѓа Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, ова е еден според мене суштествен амандман, затоа што навлегува во суштината на партиите т.е. на нивното финансирање. Со член 28 Владата определува кој не може да

дава односно по кој основ политичките партии не можат да стекнуваат средства. Тоа се само од влади, меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица односно од државни органи на локалната самоуправа надвор од средствата предвидени со Републичкиот буџет.

Овој амандман им оневозможува на политичките партии да користат средства од претпријатија во општествена сопственост. Според мене, ова е мошне значајно, заради тоа што во овој период кога почнува приватизацијата односно кога се уште не се утврдени управувачките права односно правата на оној кој што може да го насочува капиталот, не можеме да размислуваме социјалистички и да кажеме раководителите на поедини општествени претпријатија, бидејќи таа општествена сопственост се уште постои и ќе постои веројатно за подолг временски период и е сечија или ничија, може да го насочува капиталот по одредени политички партии, благодарение на својата партиска припадност. На овој начин сметаме дека капиталот на тие претпријатија ќе се сочува, а политичките партии ќе можат да стекнуваат средства само од приватни претпријатија, односно сопствениците на тие приватни претпријатија кои што зависно од нивната политичка припадност или од нивното симпатизерство на политичките програми на поедини партии ќе можат да ги финансираат. Според тоа, мислам дека ќе направиме крупна грешка ако овој амандман не се прифати заради тоа што не може се уште некој во името на општествената сопственост да одлучува не само за грото работници кои што во овој момент постојат и да насочуваат средства на политички партии.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Господо пратеници, правниот субјективитет не разликува од нееднаквост између приватни, општествени, мешовити и не знам какви. Ограничувањето на стопанските субјекти во располагањето со својот

имот е спротивно на Уставот на Република Македонија. За одговорноста во управувањето, имаме органи на управување, располагањето со сопственоста во приватните фирми исто така, бидејќи законите за сметководство и финансиско работење важат за сите стопански субјекти подеднакво. Не стои никаде основ да се ограничи правниот субјективитет на тие стопански субјекти да располагаат со сопствениот имот. Па, од тука предлагам дека овој амандман треба да се одбие.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

По аналогијата на господинот министер ние треба да го прогласиме за ништавен Законот за трансформација на општествената сопственост, затоа што сите сопственици по негова логика пред Уставот се еднакви. Тогаш со кое право, оваа власт го менува карактерот на сопственоста над определени средства.

VIII1/JJ/лј

**ТОДОР ПЕТРОВ:** (Продолжение)

Зашто не донесуваме закон за трансформација на приватната во општествена сопственост или на државната во приватна кога сите се еднакви. Сметам дека ова што го кажа министерот не држи, нема основа. Општествената сопственост не е приватна. Ако некој е директор на општествено претпријатие што е во трансформација за да стане приватна или државна сопственост, нема право да определува по сопствено убедување средства на политички партии. Меѓутоа, ако имаме предвид каква е структурата на парламентот, кои директори од која партија членуваат и се директори на претпријатија во општествена сопственост или приватна, тогаш друг е сосема реалниот интерес зошто се манипулира со вакви изјави од оваа говорница. Лично сметам де<ка амандманот ги става во рамноправна и еднаква положба сите граѓани и политички субјекти кои сакаат да се борат за партиципација во системот на власта на државата. И затоа и се предлага со амандманот, во членот 28 став 2 да се додаде нова точка 3, според која ќе произлезе дека политичките партии не можат да стекнуваат средства за своето дејствување и од претпријатија со општествена и државна сопственост, вклучувајќи ги и тие што го започнале процесот на приватизација. Може ли јавно претпријатие што е во државна сопственост да финансира политичка партија? Не може. Со кое право ќе финансира и кој ќе го финансира ако тој што е во Владата и го именува директорот на тоа јавно претпријатие е политичката партија на власта. И затоа амандманот е многу дециден и прицизен дека од претпријатија со општествена и државна сопственост не може да се финансира политички партии. Кога ќе се промени титуларот на општествената сопственост или на средствата, тогаш логично е тој што е газда никаква држава не може да го ограничува колку сака да препишува од својот имот дури и да сака

целиот имот да го препише и нема никакво ограничување ни право државата да му го суспендира правото е тогаш тоа е за мене право а не со ова што се овозможува односно не прифаќа едно нешто што го имаме во практиката како злоупотреба да биде санкционирано и да се воспостави еднаквост на секој пред нивното право да учествуваат во системот на власта.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господин Марковска

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Морам да кажам една вистина, мене вака меѓу редовите ми рекоа дека сум наивна. Веројатно сум, заради тоа што предлагам еден чист амандман во кој што велам дека претпријатијата со општествена сопственост, а таквата сопственоста ја нема во уставот, пости само државна сопственост, а таа сопственост се јавните претпријатија и постои приватна сопственост. Според тоа овој амандман држи како таков и не е уставен велат дека претпријатијата што имаат се уште општествена сопственост даваат пари на политички партии. И тоа е точно, тие никогаш нема да префрлат од своето конто и во расходи да прикажат дека дали на политичка партија. Тие даваат по други основи. Меѓутоа јас барам да стои како забрана, па ако се најде можност преку постојните органи на контрола кога ќе видат каде се насочени тие средства, тогаш оние што ги дале тие средства нека сносат одговорност. А вака на овој начин нема да сносат никаква одговорност. Благодарам на тие што ме потсетија на наивноста.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас прво овде имам една забелешка за оваа процедура и би сакал да се произнесеме бидејќи не е свеста на соодветно ниво и за ова сакам да се гласа а потоа ќе барам збор доколку се продолжи со работата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас се уште барам збор. Видете законот за политички партии заслужува внимание. Не само ваше, вие сте постојано присутни и следите што се расправа (се обраќа кон претседателот) но климата во Собранието е потпотребното ниво. Тоа е одраз на свеста и затоа велам дека оваа процедура не може вака да оди. Темелно е прашањето за политичките партии како ќе оди демократијата во иднина за следните години. Исто така, законот за избор на пратеници во ваков амбиент треба нешто да направиме и има начин да се влијае врз свеста. Не може вака некој само да се презентира наивен е, некој не сваќа добро итн.

Овој амандман дами и господа завлегува во тоа како ќе се располага со нечие добро, со нечија сопственост. Не е точно дека општествената сопственост е ничија. Тоа е така овде само поради политичката волја или мнозинската политичка волја. Општествената сопственост е темелно државна сопственост. Како да биде трансформирана и како да добие носител, титулар, тоа се процеси од подолг период. Но во тој период општествената сопственост не останува ничија и сечија. Оној што добил да управува со неа е должен да ја штити а не да ја расфрла. Затоа и овој амандман е на место. Тој не дозволува со таквата сопственост да се работи негаздински и не казнето. Инаку ќе мора да се потсетиме или да се повикаме во нашето сеќавање како ќе се финансираат кампањите или политичките партии во демократски

општества. Ова што го гледаме тука во законот останува за жал на декларативно ниво. Дали е кампања во прашаше околу избори или е во прашање обично или тековно работеше на политичка партија околу тоа се интесираат законодавците. И не може макар да била и приватна сопственост, не е неограничено да биде отстапена во вид на донација на некоја политичка партија. И тоа е познато под кои услови може политичка партија да користи отстапен имот. Како може добрата добиени преку донаторства да ги користи во пред- изборната кампања исто така има услови и тие нешта ние сме должни овде да ги претресеме. Јас останувам на тоа дека овој амандман употребен заради демократијата во нашата земја и нема понатаму да Ви раскажувам што се чувме на семинарите од угледни меѓународни политички институти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара з бор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

29 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 28 за додавање нова точка 3 по точка 2 поднесен од пратениците Михаил Пановски, Петар Гошев, Ристо Јованов, Тодор Петров, Гулистана Марковска, Душан Трпчевски и Кирил Ковачевски.

Одиме понатаму.

Меѓувреме еве се јавува за збор Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Се сомневам во гласањето и барам поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има 10 пратеника што поддржуваат?(Има)

VIII/5.-

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | воздржан |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | против |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | против |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | не е тука |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 6. СОЈАН АНДОВ | за |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | не е тука |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | не е тука |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | не е тука |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | за |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | за |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | воздржан |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | не е тука |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | не е тука |

VIII/6.-

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | за |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | за |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | за |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 38. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 39. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 40. РИСТО ЈОВАНОВ | не е тука |
| 41. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 42. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 43. ТАШКО КИРОВ | за |
| 44. ЗОРАН КИТЕВ | за |
| 45. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 46. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | не е тука |
| 47. ГОРГИ КОТЕВСКИ | не е тука |
| 48. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 49. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 50. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | за |
| 51. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 52. ЕФТИМ МАНЕВ | за |
| 53. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | воздржан |
| 54. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | за |
| 55. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 56. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | не е тука |
| 57. СТРАШО МИЖОВСКИ | не е тука |
| 58. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 59. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | за |
| 60. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | за |
| 61. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | за |
| 62. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | воздржан |
| 63 АВДИ МУРТЕЗАНИ | не е тука |

VIII/7.-

| | |
|---|---|
| 64. НАИФ МУСТАФА | не е тука |
| 65. ПАНЧЕ НАСЕВ | за |
| 66. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |
| 67. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 68. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 69. ЈОВАН НИКОЛОВ | не е тука |
| 70. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | воздржан |
| 71. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | не е тука |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | не е тука |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 74. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 75. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 76. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | за |
| 77. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 78. КИРО ПОПОВСКИ | за |
| 79. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | за |
| 80. НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |
| 81. ШАБАН ПРЕВАЛА | против |
| 82. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 83. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| 84. ИВАН РАМБАБОВ | не е тука |
| 85. ШУКРИ РАХИМИ | против |
| 86. ФЕРИД САДИКУ | воздржан |
| 87. НЕИМ СЕЛМАНИ | не е тука |
| 88. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | воздржан |
| 89. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 90. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 91. РИСТО СТАНКОВСКИ | не е тука |
| 92. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | за |
| 94. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 95. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 96. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 97. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 98. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | не е тука |
| 99. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | против |

VIII/8.-

| | |
|---|---|
| 100. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 101. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | воздржан |
| 102. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 103. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | не е тука |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |
| 108. АГИМ ФАЗЛИУ | не е тука |
| 109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | не е тука |
| 110. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | не е тука |
| 111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 112. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | против |
| 113. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | против |
| 114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | не е тука |
| 115. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 116. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 117. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | не е тука |
| 118. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | не е тука |
| 119. ХИСНИ ШАКИРИ | не е тука |

IX/1.- СП/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 66 пратеника.

45 пратеника гласање за, 12 против и 9 се воздржани. Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на членот 28 за додавање нова точка 3 по точка 2, поднесен од пратениците Михаил Пановски, Петар Гошев, Ристо Јованов, Тодор Петров, Гулистана Марковска, Душан Трпчевски и Кирил Ковачевски.

Отворам претрес по амандманот на член 2 8 став 2 точка 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 29, поднесен од пратеникот Владимир Митевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Митевски.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, предложениот амандман е во функција на обезбедување на демократичност приближно еднаква рамноправност односно рамноправна позиција на политичките партии пред новите плуралистички парламентарни избори во поглед на користење на средства предвидени во Републичкиот буџет за оваа година, а наменети

за делување на политичките партии. Се разбира, се однесува на оние партии кои спрема одредбите од овој закон што сега ќе го усвоиме ќе го исполнат предвидениот цензус или предвидената квота на потребното членство.

Инаку, амандманот предвидува рамноправно користење на буџетски средства во висина од 50% за вонпарламентарни партии, значи оние кои немаат свои претставници во Парламентот, а 50% рамномерно се распоредуваат на партиите кои имаат претставници во Парламентот и независните пратеници, како што има и други слични амандмани на овој.

Предложеното решение во амандманот би придонело од своја страна предизборната активност за новите парламентарни избори кои веќе се направи и се одвиваат со некаква рамноправност на сите политички субјекти во државата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 29, поднесен од пратеникот Владимир Митевски.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 29, поднесен од пратеникот Владимир Голубовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господинот Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Како што е познато, по конституирањето на Собранието овде во Парламентот дојде до одредени политички процеси, па се случи од некои политички партии само делови поединечно или во група некои пратеници да ги напуштат, а исто така се случуваше и комплетно цели пратенички групи да побегнат од една партија во друга, како што на пример стана случајот со Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, Либералната партија, така што, може да се каже дека во Парламентот всушност останаа само од изборите Партијата за еманципација, Социјалистичката партија, ВМРО-ДПМНЕ и ПДП и НДП. По таа логика ако оставиме да важи законот како што е предложен, би требало само тие да ги добијат средствата, додека значителен дел ќе се доведе во прашање.

Што се однесува до мене тоа не е некој голем проблем заради тоа што би можело тие средства, бидејќи ќе нема корисници, да ги пренамениме за социјална помош. Но, бидејќи се работи за принципиелно прашање, сигурно така не може да се протолкува, сакам да потсетам дека заради фактичката состојба која мора да се почитува доколку не сакаме свесно да ги кршиме одредени принципи на правниот поредок, треба да прифатиме, овој амандман е логичен во делот кога предлага да се промени текстот кој првобитно укажува на правото да се остварува на политичките партии кои спрема бројот на пратеници учествувале на избори со замена на текстот кој сега дава можност политичките партии без оглед на тоа дали учествувале на изборите или не, а имаат свои пратеници, соодветно да ги поделат средства по тој основ спрема нивниот број. Мислам дека треба праведноста да победи како принцип во Парламентот, бидејќи е ова законодавно тело.

IX/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот, бидејќи само 10 пратеници гласа за.

Според тоа, амандманот за менување на членот 29, поднесен од пратеникот Владимир Голубовски, не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 2 9 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во членот 3 од Предлог-законот Владата предлага да се уреди прашањето граѓаните слободно да можат да основаат политички партии со цел да ги остваруваат и заштитуваат политичките, економските, социјалните, културните и други права и уверувања на своите членови и да учествуваат во постапката за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, одборници во собранијата на општините и Собранието на град Скопје.

Во членот 29 се говори за обврска на државата во својот буџет да утврди средства за дејствување на политичките партии за остварување

на претходно цитираннте цели во нивното дејствување и тоа преку соодветен начин на распределба на средствата според кои 30% од средствата утврдени со Буџетот би се поделиле подеднакво на политичките партии кои освоија најмалку 3% од гласовите на последните избори, а останатите 70% се распоредуваат според предлогот на Владата на политичките партии, чии кандидати се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, сразмерно на бројот на нивните пратеници.

Политички субјекти во државата кои партиципираат во системот на власта, па и во постапката за кандидирање и избор на пратеници не се само политичките партии, туку и граѓаните. Затоа се предлага амандман кој ќе гласи наместо членот 2 9 став 1 што пред малку го цитирав, да се дополни односно да се менува и да гласи: "Средствата што се обезбедуваат во Републичкиот буџет за дејствува- к>е на политичките партии и независните пратеници во висина од 30% се распоредуваат подеднакво на политичките партии кои немаат пратеници во Собранието на Република Македонија и освоиле најмалку 3% од гласовите на вкупниот број избирачи во Републиката кои гласале на последните избори, а останатите 70% се распоредуваат на политичките партии кои имаат пратеници во Собранието и на независните пратеници сразмерно на нивниот број".

Овој амандман го образложувам со следното:

Политички субјекти во државата кои партиципираат и имаат право да партиципираат во власта, покрај политичките партии се и независните пратеници и тие политички дејствуваат за време на својот мандат кога веќе влегле во власта. Тоа значи дека политички не дејствуваат само политичките партии кои добиле пратенички места за да можат да го финансираат своето политичко дејствување, туку и не- зависните пратеници кои како рамноправни субјекти во власта имаат право да

бидат бирани од граѓаните и предлагани за кандидати како независни пратеници. Не може политичка партија со еден пратеник кога ќе добие едно пратеничко место по основ на предлогот на Владата да добива средства за политичко дејствување, а еден независен пратеник кој исто така држи едно пратеничко место да не може да добива средства од Буџетот за сопственото политичко дејствување во текот на неговиот мандат. Поготово што исто така, никој не може да гарантира или да ограничи право дека во наредниот или било кој пратенички состав не може да има покрај еден, двајца, тројца, десет, 30 или 70 независни пратеници. Ако ништо друго барем секој сам да го до- бива делот од буџетските средства предвидени за да го финансира политичкото дејствување во остварувањето на пратеничката функција партиципирајќи во власта во текот на сопствениот четиригодишен мандат.

Од овие причини се предлага предложената формулација на овој амандман само во делот на средствата од Буџетот за политичкото дејствување за оние пратеници кои како независни ќе влезат во власта, односно во Собранието да можат да добиваат распределба од предвидените 70% средства од оној износ што ќе го утврди Собранието во Буџетот.

Понатаму, во предлогот на Владата е кажано дека 30% од средствата утврдени во Буџетот ќе се распределат подеднакво на политичките партии кои освоиле најмалку 3% од гласовите на последните избори. Не е дефинирано во предлогот од Владата за кои 3% се предвидени тие средства, дали од вкупниот број на избирачи во една изборна единица, од вкупниот број на избирачи во целата држава, од вкупниот број на гласови на избирачи кои излегле на гласање или од вкупниот број на запишани избирачи. Затоа е амандманот дополнуван со определено појаснување на членот 29 и вели:

IX/7.-

"Средствата што се обезбедуваат во Републичкиот буџет за дејствување на политичките партии и независните пратеници во виси- на од 30% се распоредуваат подеднакво на политичките партии кои не- маат пратеници во Собранието, но освоиле најмалку 3% од гласовите на вкупниот број избирачи во Републиката кои гласале на последните избори". На тој начин се дефинира дека тие 30% ќе бидат само за тие партии кои немаат пратенички места, меѓутоа, повеќе од 3% од гласовите на вкупниот број избирачи во Републиката како и гласови на последните избори, а останатите 70% ќе се однесуваат само за политичките партии и независните пратеници кои имаат пратеници и партиципираат во Собранието.

Од овие причини сметам дека е издржан амандманот и Владата треба да го прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 30, под- несен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 30, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1 и 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 30-а, поднесен од пратеникот Митко Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 30-а, поднесен од пратеникот Митко Анастасовски

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 30-а поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Пратеникот Тодор Петров го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 33, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

И овој амандман го повлекува Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 1 за додавање две нови алинеи, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Значи и овој амандман го повлекува.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 33-а поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ако Собранието го прифати амандманот со кој се забранува финансирање на политички партии од претпријатија со општествена и државна сопственост, вклучувајќи ги и тие што го започнале процесот на приватизацијата, законодавецот мора да го санкционира евентуалното прекршување на оваа забрана со законот.

IX/10.-

Од таа гледна точка се предлага по членот 33 да се додаде нов член 33-а кој ќе гласи:

"Со парична казна од 10 до 20 плати ќе се казни за прекршок правно лице во општествена сопственост и правно лице во кое не е извршена целосна трансформација на општествената во приватна сопственост која ќе одобри и префрли средства на политичка партија по кој и да е основ.

Со парична казна од една до две плати или со казна затвор до 30 дена за прекршокот од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лидеона правното лице.

Со парична казна од две плати или со казна затвор од 30 дена ќе се казни за прекршок одговорното лице на политичката партија ако не пријави на надлежниот орган за надзор и контрола на материјално - финансиското работење и извршена уплата на жиро сметка на политичката партија од правното лице од ставот 1 на овој член веднаш или најдоцна во рок од 15 дена од отплатата.

Средствата што се одобрени и префрлени на политичката партија од ставот 1 на овој член се запленуваат од жиро сметката на политичката партија и се пренесуваат во Буџетот на Република Македонија".

На овој начин сметам дека веќе санкционирана забрана во законот ќе добие и соодветна казнена одредба доколку не биде почитувана за оние лица и субјекти за кои таа забрана се однесува.

Сметам дека законот не може да содржи не само овој туку и било кој друг закон одредби кои забрануваат нешто, меѓутоа, не утврдуваат никаква прекршочна мерка на одговорност за оној што не го почитува утврденото правило, односно одредба од законот.

Затоа предлагам пратениците да го прифатат овој член 33-а по членот 33, од Предлогот на законот.

IX/11.-

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа затоа што ако со овој закон предвидиме директна казна затвор за прекршок, тогаш го кршиме системскиот закон за прекршоци, кој го имаме. Само во тој системски закон е утврдено кога паричната казна може да се претвори во казна затвор. Оттука сметам дека вакво напишан законот е во спротивност со системскиот закон за прекршоци.

Бидејќи прифативме дека општествените стопански субјекти не можат да дадат пари, тогаш не може и да предизвика било какви негативни конотации за казнување.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во казнените одредби на законот за сите дејствија што се пропишани да ги спроведуваат политичките партии до колку не ги спроведат предвидена е соодветна казна според Законот за прекршоци, парична казна од 4 до 20 плати за прекршок и се наведува сето она што е санкционирано како дејство кое мора да го преземат и извршат политичките партии.

Бидејќи утврдивме забрана со законот за финансирање на политичките партии, доколку министерот тоа веќе го укажува и го укажа овде, делот од ставот 2 кој се однесува или со казна затвор од 30 дена и во ставот 3 или со казна затвор од 30 дена, ги повлекувам и предлагам да биде прифатен членот, без казна затвор од 30 дена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, тоа може. Само ставот први се прифаќа каде се вика со парична казна.

IX/12.-

Отворам претрес по амандманот на член 34, поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Пратеникот Стоиле Стојков го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 34, за додавање нов став два< по ставот 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете ги последиците, дали може така?

Тоа се многу ригорозни последици.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Согласно на одредбите на Законот кој го предлагаме ставаме задолжителност за политичките партии во рок од 3 месеци од стапувањето на сила на овој закон да го усогласат статутот и своите програми, тогаш тие се должни да го усогласат во рок од 3 месеци. Доколку не го усогласат, тогаш ќе се покрене постапка пред Окружниот суд. Сметаме дека без да се води постапка, а да се изрече, мислам дека не треба да се прифати ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Затоа треба да видите. Сега се прифаќа или не се прифаќа.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор? Ефтим Манев.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Лично сметам дека министерот правилно постапи кога го прифати овој амандман. И сега се изврши малку една сугестија од претседателот на Собранието да се коригира. Што би било тогаш ако една политичка партија не се регистрира и таа треба да дејствува и истата ќе дејствува и кога ќе отпочне постапката, таквата постапка може да тече три и четири години. И сега, една политичка партија нерегистрирана таа ќе делува. Мене ми се чини дека на Законодавно - правната комисија прилично ние дискутиравме по овој проблем и секој оној политички субјект кој што сака да се регистрира како политичка партија сметаме дека треба да го почитува овој закон, ако не го почитува таа не може да делува. Исто би било и кога некое правно лице, претпријатија ако не се пререгистрира и

тоа треба да престане. Исто така, важи и за нив. И не може ми се чини таквата сугестија која што ја направи претседателот е некоректна. Треба да се прифати амандманот и секој политички субјект треба да се регистрира за тој период,зошто е тој закон тогаш?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас сметам дека претседателот само треба да констатира дека амандманот е составен дел на Законот, затоа што министерот го прифати. Откога го прифати и стана составен дел не може да не го прифаќа, може само да го измени решението во Предлогот на законот со сопствен амандман. Сметам дека треба да се констатира дека амандманот е составен дел на Предлогот на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не. тој не го видел кој амандман е.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа јас ја разбирам интервенцијата на претседателот што од последиците, кога министерот го прифати ова. Меѓутоа, ние прифативме во состав на овој Закон дека член на политичка партија може да биде само државјанин на Република Македонија. И усогласувањето на програмите и статутот и баш таму ќе се види кои се членови во таа партија. По сегашните прописи 10 луѓе можат да направат партија, сите се само граѓани, а не се државјани, ако нема ваква одредба тие веднаш ќе останат и ќе суштествуваат тие политички партии. Овој амандман баш и има смисла во тој поглед. Јас не знам дали сега предлагачот на амандманот, тоа е ЗПК не најдеме едно усогласување заради изборите ако интервенцијата беше на претседателот за последиците, само се предвидува и дали ќе може во рок од три месеци ова да се направи, па да се учествува на избори, да се смали рокот. Јас мислам дека би требало само да се измени текстот во рок од два месеци и да се прифати затоа што ни треба гаранција за

постоење на политичките партии.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Во преодните и завршните одредби каде што стои дека постојните политички партии се должни своите програми и статути да ги усогласат со одредбите на овој закон во рок од три месеци од денот на неговото влегување во сила. Ние еднаш му одредивме казна, ако го погледнете членот 33 кажува: во предвидениот рок не поднесе до Окружниот суд во Скопје, за измени на програмата и статутот и т.н. Фактички, дефакто значи еднаш го казнуваме, а двапати за иста работа казнување никаде го нема.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (19)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 34 за додавање нов став 2 од ставот 1 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 2 поднесен од пратениците Кирил Ковачевски и Душан Трпчевски.

Молам, кој бара збор?

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, овде има една неправда за тие политички партии што се регистрирани и тие што се регистрираат сега. Во членот 36 на Предлог законот се вели: Постојните политички партии кои се регистрирани според законот за општествените организации и здруженија на граѓани Окружниот суд во Скопје ќе ги запише во судскиот регистар без посебно барање врз основа на регистарот што го води Министерството за внатрешни работи. Додека новите политички партии што треба да се регистрираат од нив се бара да имаат 500 члена. И што ќе стане? Затоа ние го додаваме овој:> став 2 со тоа што се должни на судот да му достават доказ за бројот на членовите кој не можат да биде помалку од 500 макар што треба и повеќе во рок од 8 дена од запишување во регистарот, а во спротивно ќе бидат бришани од регистарот. Што значи и старите политички партии треба да се пререгистрираат а не вака без докази. Па вака би го образложил поопширно, со членот 7 од Предлогот на законот за политички партии е предвидено дека политичка партија може да основаат најмалку 500 полнолетни граѓани што значи дека таа партија веднаш ќе има и 500 члена. Заради ова е за еднаквост и рамноправност и постојните партии треба овој услов да го исполнуваат при пререгистрација, а не да бидат привилегирани и да не се пререгистрирани без доказ за бројот на членството кое можеби и го немаат, или имаат во незначителен број. Имаме многу регистрирани партии што имаат сега и по 10 и по 20 члена само по роднинска линија и тие уште егзистираат, а новите партии треба да прикажат 500 члена. Па затоа во контекст на тоа јас и колегата Душан Трпчевски, го дадовме овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 36 став 2 поднесен од пратениците Кирил Ковачевски и Душан Трпчевски.

Отворам претрес по амандманот за бришеше на член 39 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот затоа што сме во постапка на донесување на нов закон за судовите и предлага едно преодно решение. Сега го прогласува Окружниот суд во Скопје, а доколку со законот за редовни судови надлежноста ја превземе друг суд, тогаш да не правиме измени и дополнувања на овој закон, туку да важи како регистарски суд оној суд кој ќе ја превземе надлежноста на Окружниот суд. Оттука предлагаме да се одбие амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Предлогот на ЗПК е од оправдани причини. Со овој член се упатува на закон кој не постои. Можеме ли да прифатиме непостоечки закон. Се упатува на одредби од законот што не е донесен. Затоа предлагам да се брише овој член.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Ако појдеме од членот 7 од Уставниот закон каде кажува дека задолжително треба да биде донесен законот за редовните судови, тоа значи дека тој закон Собранието мора да го донесе, ако го почитува Уставниот закон и Уставот на Република Македонија.

Па оттука ние не прифаќаме одредби на новиот закон кој не е донесен, ние само упатувачки норми кажуваме дека сега е надлежен Окружниот суд да ја води регистрацијата, а доколку надлежноста помине во друг суд, на друг суд да помине таа надлежност за да не правиме стално измени на преодните и завршните одредби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 39 поднесен од ЗПК.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Кој бара збор?

Јордан Бошков

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, овој закон вака сега модифициран со неколку солуции воглавно прифатени од Владата, а и неколку вака со изгласување за мене ќе биде прифатлив и јас сакам да укажам на тоа дека темелна вредност во нашиот правен систем е усвојувањето на Законот за политичките партии. Своето жалење сепак ќе го изразам затоа што немаше слух да се прифатат моите иницијативи кои мислам дека се темелно демократски, но нека тоа биде за идниот состав на Парламентот. Јас сметам дека идниот состав нема да биде толку воздржлив и дека нема да ја кочи демократијата во ваква мерка како што тука се врши. Мене за тоа ми е навистина жал, четири години беа доволен период да се дозрее.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Кој е за, молам да крене рака?(60)

Дали некој е против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за политичките партии.

Бидејќи овој закон е исклучително важен и со овој законски акт дефинитивно се развива законодавната материја за повеќепартискиот систем, Ве молам да го поздравиме со аплауз.

(аплауз)

Ја заклучувам седницата.

Со работа ќе продолжиме утре во 10,00 часот

(Седницата заврши во 18,35 часот.)